27276

ВЕЧЕР, 4 февруари 1981 година

5468, 14,

КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ ● КУЛТУРА ● УМЕТНОСТ ● ОБРАЗОВАНИЕ

ЗОШТО ВО СКОПЈЕ НЕ ПОСТОИ ПРОДАЖЕН САЛОН НА ЛИКОВНИ ДЕЛА?

# СТРАВ ОД ЈАВНА ПРОДАЖБА

- ДОСЕГАШНИТЕ ОБИДИ — НЕУСПЕШНИ
- ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ СМЕТААТ ДЕКА Е НЕДОСТОЈНО УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО ДА ИМА ТРЕТМАН НА ПРЕДМЕТ ЗА ПРОДАВАЊЕ

**Продажен изложбен салон во Скопје не постои. Пред неколку години Центарот за култура и информации на Скопје оддели една мала просторија за оваа намена, но и покрај повеќегодишното нејзино постоење таа фактички не ја извршува својата функција.**

**Во потрага по нови вакви простори пред две-три години беше отворен продажен изложбен салон во Трговскиот центар, но набргу и тој ја изгуби наменетата функција претворајќи се во изложбен салон на младите ликовни творци.**

**Токму на овој пример е и одговорот на прашањето зошто Скопје нема салон каде што делата на ликовните уметници ќе може најдиректно да се најдат пред очите на заинтересираните купувачи!**

Во Друштвото на ликовните уметници на Македонија има околу 200 членови од кои стотина се млади ликовни уметници кои разбирливо бараат своја афирмација, презентирање на своите уметнички творби пред широката јавност.

Постојните изложбени простории во Скопје (Центарот за култура и информации, Музејот на современата уметност, Уметничката галерија и Домот на младите „25 Мај") ни од далеку не можат да ги задоволат потребите. Тие се во состојба годишно да овозможат отворање на дваесетина изложби на македонските ликовни уметници, што споредбено со нивниот број би значеле дека еден наш ликовен уметник може да отвори самостојна изложба само еднаш во десет години. Во прилог на констатацијата дека постојниот простор не е доволен говори и податокот што годинава до управата на ДЛУМ има пристигнато 30 молби за изложби, а позитивно може да се одговори само на десетина барања.

Од друга страна материјалните можности говорат дека и во блиска иднина постојниот, простор ќе остане непроменет.

**Сепак недостатокот на простор не е единствената причина што делата на ликовните уметници не можат да се најдат на едно место од каде што поширока публика ќе може да врши откупување. Втората причина е што кај ликовните уметници не постои интерес делото да се најде во простор каде што ќе биде третирано како продажен објект, односно тие сметаат дека е недостојно делото со месеци да има улога на предмет за продавање.**

**Токму затоа ДЛУМ настојува откупот да се врши по пат на откупни награди на соодветни редовни изложби, преку работните организации во градот и самоуправните интересни заедници на културата, што е и една од постојните практики.**

**Е. Т.**